ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

СКОПЈЕ

БИЛТЕН

БРОЈ 06/25



10.10.2025 година

Р Е Ф Е Р А Т

за избор на демонстратор од областа МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС
на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје

Врз основ на објавениот интерен конкурс на деканот, за избор на демонстратор за академската 2025/26 година на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје, Наставно - научниот совет на ФЕН на својата 360-та седница, одржана на ден 07.10.2025 година, со Одлука бр.02-564/1, определи членови на Рецензентската комисија за избор на демонстратор од областа: **МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС**, во следниот состав:

1. **Проф. д-р Елизабета Стамевска - претседател,**
2. **Доц. д-р Павле Трпески - член.**

РЕЦЕНЗЕНТСКИ И З В Е Ш Т А Ј

Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација и констатира дека на интерниот конкурс за избор на демонстратор од областа **МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС** на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје, се јавил само кандидатот:

- **Јордан Велиновски**

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги има приложено следниве документи:

- пријава на интерниот конкурс,
- биографски податоци,
- потврда дека е студент на втор циклус студии на Факултетот за економски науки, Европски универзитет Скопје
- диплома и уверение за завршен прв циклус студии.

- **Биографски податоци:**

Јордан Велиновски е роден 1985 во Скопје, каде завршува средно образование во Д.с.е.п.у „Васил Антевски-Дрен''- економски смер (2000-2004). Високото образование го продолжува на универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' Скопје, на насоката филозофија. Во 2009 година дипломира со просек 8.75 и се стекнува со звање - дипломиран професор по филозофија.

За време на додипломските студии учествува во низа обуки организирани од Младинскиот образовен форум, а дел од нив поткрепени од Европските фондови. Притоа, се стекнува со неколку сертификати за работни и комуникациски вештини, лидерство, мотивација, тимска работа и претприемништво. Исто така, до висок степен ги усовршува познавањата од англискиот јазик и компјутерските вештини.

По дипломирањето, работи во неколку компании, како дел од макро и микро работни тимови.

Во академската 2024/25 година се запишува на втор циклус - магистерски студии на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје, на насоката Бизнис менаџмент. Како студент, волонтира на студентската служба на универзитетот, каде посветено, ажурно и навремено ги извршува поставените задачи, покажувајќи доверливост, комуникациски вештини, способност за тимска работа и стекнување на нови знаења.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По направената анализа на доставената документација и биографските податоци на Јордан Велиновски, Рецензентската комисија констатира дека се работи за кандидат кој пројавува интерес за научна и стручна активност во економските науки, со акцент на бизнис менаџментот и ги исполнува критериумите за избор во демонстратор.

Имајќи ги предвид наведените укажувања, членовите на Комисијата едногласно му предлагаат на Наставно - научниот совет на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје, кандидатот Јордан Велиновски **да се избере за демонстратор по група предмети од областа: МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС.**

Скопје, 10.10.2025

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. д-р Елизабета Стамевска, претседател

Доц. д-р Павле Трпески, член

Р Е Ф Е Р А Т

за избор на демонстратор од областа МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС
на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје

Врз основ на објавениот интерен конкурс на деканот, за избор на демонстратор за академската 2025/26 година на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје, Наставно - научниот совет на ФЕН на својата 360-та седница, одржана на ден 07.10.2025 година, со Одлука бр.02-564/1, определи членови на Рецензентската комисија за избор на демонстратор од областа: **МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС**, во следниот состав:

1. **Проф. д-р Елизабета Стамевска - претседател,**
2. **Доц. д-р Павле Трпески - член.**

РЕЦЕНЗЕНТСКИ И З В Е Ш Т А Ј

Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација и констатира дека на интерниот конкурс за избор на демонстратор од областа **МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС** на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје, се јавил само кандидатот:

- **Јордан Велиновски**

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги има приложено следниве документи:

- пријава на интерниот конкурс,
- биографски податоци,
- потврда дека е студент на втор циклус студии на Факултетот за економски науки, Европски универзитет Скопје
- диплома и уверение за завршен прв циклус студии.

- **Биографски податоци:**

Јордан Велиновски е роден 1985 во Скопје, каде завршува средно образование во Д.с.е.п.у „Васил Антевски-Дрен''- економски смер (2000-2004). Високото образование го продолжува на универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' Скопје, на насоката филозофија. Во 2009 година дипломира со просек 8.75 и се стекнува со звање - дипломиран професор по филозофија.

За време на додипломските студии учествува во низа обуки организирани од Младинскиот образовен форум, а дел од нив поткрепени од Европските фондови. Притоа, се стекнува со неколку сертификати за работни и комуникациски вештини, лидерство, мотивација, тимска работа и претприемништво. Исто така, до висок степен ги усовршува познавањата од англискиот јазик и компјутерските вештини.

По дипломирањето, работи во неколку компании, како дел од макро и микро работни тимови.

Во академската 2024/25 година се запишува на втор циклус - магистерски студии на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје, на насоката Бизнис менаџмент. Како студент, волонтира на студентската служба на универзитетот, каде посветено, ажурно и навремено ги извршува поставените задачи, покажувајќи доверливост, комуникациски вештини, способност за тимска работа и стекнување на нови знаења.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По направената анализа на доставената документација и биографските податоци на Јордан Велиновски, Рецензентската комисија констатира дека се работи за кандидат кој пројавува интерес за научна и стручна активност во економските науки, со акцент на бизнис менаџментот и ги исполнува критериумите за избор во демонстратор.

Имајќи ги предвид наведените укажувања, членовите на Комисијата едногласно му предлагаат на Наставно - научниот совет на Факултетот за економски науки, при Европски Универзитет Скопје, кандидатот Јордан Велиновски **да се избере за демонстратор по група предмети од областа: МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС.**

Скопје, 10.10.2025

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. д-р Елизабета Стамевска, претседател

Доц. д-р Павле Трпески, член